ГРАФИЧКА РАБОТИЛНИЦА • СОФИЈА • БОГДАНЦИ
GRAPHIC WORKSHOP • SOFIJA • BOGDANCI

Богданци, Македонија 2013 Bogdanci, Macedonia

Уметноста како општествена одговорност на компанијата „Софија“ Богданци

Компанијата „Софија“ Богданци е препознатлива како голем поддржувач на културата во нашата држава. Можеби најдобар доказ за тоа е шестгодишното постоење на меѓународната графичка работилници, од која се произлезени голем број квалитетни дела од автори од целиот регион. Графичката работилница „Софија“ Богданци со текот на годините прерасна во културен бренд не само во Македонија туку и на целиот Балкан. Причина за тоа се одличните услови и квалитетната опрема која им е на располагање на учесниците за создавање графички дела од сите техники. Поддршката на младите автори е наша одговорност, но пред се наше задоволство. Досегашниот успех на графичката работилница „Софија“ е мотив плус да продолжиме со работа на ова поле и малото место Богданци да прерасне во бастион на графиката во Европа.

Art as Social Responsibility of Sofija in Bogdanci

Sofija in Bogdanci is a company that is recognised as a large supporter of culture in our country. The best evidence of that may be the six-year existence of its international graphic workshop, which has resulted in a number of quality works by authors from all over the region.
Over the years, the Sofija Graphic Workshop in Bogdanci has developed in a cultural brand not only in Macedonia but the whole Balkans. The reasons for that are the perfect conditions and quality equipment that is made available to the participants to create graphic works in all techniques. Support for young authors is our responsibility, and above all it is our pleasure. The success of the Sofija Graphic Workshop so far is our motivation plus to continue working in this area and make the small town of Bogdanci develop into a bastion of the graphic art in Europe.



ГРАФИКАТА КАКО ПРАКТИКА И ИЗРАЗ

Основањето на Графичката работилница „Софија“ во Богданци, град на крајниот југ на Република Македонија е поттикнато од неколку основни предуслови и мотиви. Драги Семенпеев – Цапе, сопственик на истоимената печатница е академски графичар, како и ќерката Софија и синот Виктор. Љубовта кон графиката, како и успешната работа на печатницата се суштествени фактори за создавање оптимални услови за почнување со работа на графичката работилница „Софија“. Сознанието дека македонската графика е во криза само ја зацврсти нивната намера.

Организаторот на работилницата, преку Советот составен од познати графичари ја концепирал програмата и методологијата за работа.Тоа значи дека секоја година (2008 – 2013) се праќаат писма до факултетите за ликовна уметност во определени центри на балканските земји. Факултетите врз основа на поканата предлагаат учесници на работилницата пред сè од редовите на младиот кадар и тоа талентирани додипломци и оние кои запишале постдипломски студии по графика. Се воведува принципот на работа со ментор, главно професор или асистент по предметот графика. На тој начин, во добра атмосфера и работа во единствен простор се остварува отворена комуникација и соработка со можност секој од учесниците да ги испроба своите идеи и практики и да добие корисни совети од поискусни графичари. До сега е остварена соработка со графичари од Словенија, Хрватска, Босна и Херцеговина, Србија, Црна Гора, Бугарија и секако Македонија, со тенденција да се прошири меѓународниот карактер на работилницата. Печат на работилницата и даваат младите автори чија работна сесија се одвива во текот на две недели, кон крајот на август и почетокот на септември секоја година. Освен тоа овозможено е учество на работилницата и во текот на целата година. Составот на графичари е различен затоа што тие доаѓаат од разни средини со различни искуства и знаења. Тоа се покажа како поттикнувачки момент за размена на идеи и пристапи и секако за постигнување интересни графички решенија и дела. Токму таквиот приод и метод на работа, графичката работилница ја разликува од поставеноста и профилот на графичката колонија на која вообичаено земаат учество веќе формирани или познати графичари.

Во графиката, познато е дека не постојат јасно определени стилови или правци туку индивидуални приоди и поетски светови во кои се асимилираат елементи од повеќе стилови и правци во современата уметност, најмногу од сликарството, и тоа: елементи на фигуративната фантастика и експресионизмот, апстрактната уметност и поп артот, новата фигурација и хиперреализмот, концептуалната уметност итн.

Графиката има една единствена специфичност: можноста да се умножува и да добие значење „оригинал на мултипликатите“. Во областа на оваа дисциплина се создадени посебни критериуми за

GRAPHIC ART AS PRACTICE AND EXPRESSION

The establishment of the Sofija Graphic Workshop in Bogdanci, a town in the southernmost part of the Republic of Macedonia, was incited by a few basic preconditions and reasons. Dragi Semenpeev – Cape, the owner of the namesake printing company, is an academic graphic artist as are his daughter Sofija and son Viktor. Love for the graphic art and their prosperous printing business were the essential factors for the creation of optimal conditions for launching the Sofija Graphic Workshop. Understanding that the Macedonian graphic art was undergoing crisis had only made them stronger in their intent.

The organiser of the workshop conceived its programme and work methodology through a Committee consisting of renowned graphic artists. This means that every year (2008 – 2013), letters are sent to Faculties of Fine Arts in centres in Balkan countries. Upon an invitation, the Faculties propose participants for the workshop, above all from the ranks of young artists, talented graduates and those who have entered the post-graduate studies in graphic art. The principle of work with a mentor, mainly a Graphic Art Professor or Assistant Professor has been introduced. In this manner, working in a pleasant atmosphere and unique space, every participant has open communication and cooperation with others, with an opportunity to try their ideas and practices and obtain helpful advice from those graphic artists who are more experienced. By now, cooperation with graphic artists from Slovenia, Croatia, Bosnia and Herzegovina, Serbia, Montenegro, Bulgaria, and certainly, Macedonia, has been established, with a tendency for expansion of the international nature of the workshop. Young authors whose working session takes place within two weeks, in late August and early September, on an annual basis, make an imprint on the workshop. Besides, participation in the workshop over the year is also made possible. The composition of the graphic artists is different because they come from different environments with different experience and knowledge. This has proved to be encouraging for exchanging ideas and approaches, and certainly, for accomplishing interesting graphic solutions and works. It is such an approach and method of work that differentiates the graphic workshop from the setting and profile of the graphic colony where established and renowned graphic artists usually take part.

Graphic art is known not to feature clearly determined styles or tendencies rather than individual approaches and poetic worlds where elements of several styles and tendencies in the modern art are assimilated, mostly from painting, such as: elements of the figurative fantasy and expressionism, abstract art and pop art, new figuration and hyper-realism, conceptual art etc.

Graphic art has a unique specific feature: possibility to

вреднување на делата, покрај тоа што сè уште не се расчистени некои основни поими за графиката како техника и израз.

Почетоците на современата македонска графика, која нема непосредна модерна традиција, се лоцираат во периодот меѓу двете светски војни, но континуиран развој се остварува по 1945 година кога се основа Училиштето за применета уметност, и подоцна во 1980 година Факултетот за ликовни уметности во Скопје. Во Друштвото на ликовни уметници на Македонија (ДЛУМ) ќе се зголемува бројот на академски образувани графичари. Нивната творечка активност придонесе да се предложи традиционална годишна изложба „ДЛУМ – графика“, која замре во својата активност. Тоа се случи и со графичките колонии во Гевгелија и во Македонски Брод, со колонијата на мал формат во Велес, како и со графичките секции на колонијата Струмица итн. Престана со работа и графичката работилница организирана во Центарот за култура и информации (денес Културно – информативен центар) во Скопје. Како резултат на нивната активност се создадоа богати колекции на графички дела во Музејот на современата уметност., Национална галерија на Република Македонија, НУБ „Климент Охридски“ во Скопје, како и во други институции низ земјата. Се појавија и некои приватни колекционери на графики. На тој начин графиката се афирмираше како автономна ликовна дисциплина со свои специфичности во изразувањето. Меѓутоа графиката бележи значително опаѓање, што е резултат и на лошите услови за работа. Познати се примери на графичари кои графичкиот израз го заменуваат со друг вид ликовна активност. Таквата состојба придонесе да не се појават специјализирани институции за графика или центри за издавање и печатење грфика. Настана вистинска збрка и отсуство на вистински критериуми со кои би се вреднувале графичките остварувања, посебно и во однос на другите ликовни дисциплини. Парадоксално е, но вистинито дека занимавањето со графика кај нас е поскапо отколку во поразвиени средини.

Работилницата со својата практика и одговорност придонесува за развој на вистински однос кон графиката, која од технички аспект претставува предизвик. Постои уверување дека самата плоча претставува дело, и дека сè друго е репродуктивна графика. За други, феноменот на графика не се состои само во изработка на матрица туку во способноста да се избегне заводливоста на технинизмот. Оттука се изведува заклучокот дека графичкиот израз до некаде ја релативизира важноста на техниката ставајќи го во втор план прашањето за видот на печат. Меѓутоа, факт е дека обработката на матрицата, техниката на извлекување на цртежот и бојата се основа и нужен дела за артикулирање на графичката идеја и израз. Не случајно, во еден период преовладуваше идејата дека длабокиот печат е синоним за „графичка изворност“.

Работилницата опремена со две преси и машини за современ печат овозможува младите учесници графичари да се испробаат и да експериментираат во разни графички техники. Тие можат да применат спонтан приод, како и да ја потврдат својата претходна насоченост. Интеракцијата меѓу плочата и листот за нив претставува токму оној меѓу простор за проверка на графичката инвенција. Ортодоксен став е дека графиката е уметност на минуциозен занает, на работа покрај маса, во еден интимен простор за креација. Секоја плоча нуди потенцијално изненадување, но едновремено графиката е занает кој не допушта многу импровизации, нејасен приод и двосмисленост. Напротив, графиката бара јасна организација на површините, извлекување чиста линија, различно ритмизирани резови и проткајувања со комбинирање на белини и површини со различен степен на хроматска заситеност.

На работилницта се практикуваат класични и понови техники, со широка можност за изразување. Станува збор за техники на длабок печат, на висок и рамен печат со можност за експериментирање во областа на фотомонтажата, дигиталниот печат итн. Фотографијата, исто така, како и дрворезот, бакрорезот и литографијата е вид на печат и зависи од механичката постапка која е производ на новата технологија.

Учесниците на работилницата „Софија“, кои доаѓаат од разни средини, претставуваат Балкан во мало. Тие имаат обврска да остават по четири отпечатени графички листови од двете изведени дела, се разбира потпишани и нумерирани како оригинални дела, при што матрицата останува кај авторите (означување тираж, наслов и година, потпис на авторот итн.).

Имајќи ги предвид сите овие елементи може да се заклучи дека Графичката работилница „Софија“ во Богданци е добра можност младите графичари да ги остварат своите креативни намери и да преземат наредни истражувања или да создадат графички знак. Во текот на последните пет години континуирана работа работилницата „Софија“ создаде фонд на графички дела, кој преку изложби се дава на увид на јавноста и на тој начин ја афирмира графиката како автономна уметност во која се остваруваат взаемни релации, допири и проткајувања со соседните ликовни дисциплини: сликарство, вајарство, инсталација итн.

Сумирајќи ги резултатите се добива впечаток дека во ова време на опагање на графичкиот израз, работилницата „Софија“ во Богданци претставува светла точка на мапата на графичката уметност и ликовната култура не само во Република Македонија туку и на еден поширок простор.

Владимир Величковски,
Скопје, ноември 2013 година

be reproduced and gain the “original of multiplications” meaning. Special criteria for evaluation of works have been created in the area of this discipline, despite some basic notions and ideas about graphic as a technique and expression not being made clear yet.

The start of the Macedonian modern graphic art, which does not have any immediate modern tradition, was located in the period between two world wars, but continuing development was accomplished after 1945 when the School of Applied Art was formed, and later in 1980 with the establishment of the Faculty of Fine Arts in Skopje. The number of academically educated graphic artists who were the members of the Macedonian Artists Association (DLUM) started to increase. Their creative activity contributed to the initiative and proposal for a traditional annual exhibition, “DLUM – Graphic Art,” the activity of which later faded out. That happened with the graphic colonies in Gevgelija and Makedonski Brod, with the colony of small format in Veles, and with graphic sections of the Strumica Colony etc. A graphic workshop organised by the Centre for Culture and Information (Culture and Information Centre today) in Skopje also ceased to exist. As a result of their activity, prolific collections of graphic works have been created in the Museum of Contemporary Art, National Gallery of the Republic of Macedonia, Kliment Ohridski National and University Library in Skopje and other institutions in the country. Some private collectors of graphic art also appeared. In this manner, graphic art as an autonomous art discipline with its specifics in expression has been asserted. However, graphic art has seen significant decline as a result of bad working conditions. Examples of graphic artists who have substituted the graphic expression for another type of art activity are ample. Such a condition has contributed to a situation where no specialised institution in graphic art or centre for graphic publishing and printing appeared. A true mess and lack of true criteria that would evaluate graphic achievements, in particular in relation to other art disciplines occurred. Paradoxically but truthfully, being preoccupied with graphic art is more expensive in our country than in more developed environments.

The workshop with its practice and responsibility contributes to development of a true relation to graphic art, which is a challenge in technical terms. There is a belief that the plate itself is a work, and everything else is reproductive graphic print. For others, the phenomenon of graphic art does not only consist of the preparation of the matrix other than capability to avoid the lure of technicism. Hence the conclusion that the graphic expression relativises the importance of the technique to an extent, putting the question of the type of the print in the background. However, the fact that the matrix procession, technique of drawing and colour extraction are the bases and a necessary part for articulating the graphic idea and expression. Not accidentally, the idea prevailed in a period that intaglio was synonymous with “graphic authenticity.”

The workshop equipped with two press machines and modern print machines enables young participating graphic artists to try their hand at and experiment in different graphic techniques. They can apply a spontaneous approach, and confirm their previous orientation. For them, it is the interaction between the plate and the sheet that is the inter-space for checking the graphic invention. The view that graphic art is an art of the meticulous craft, work by the table in an intimate space for creation is orthodox. Each plate offers a potential surprise, however at the same time, graphic art is a trade that does not allow much improvisation, unclear approach and ambiguity. Instead, graphic art requires clear organisation of the surfaces, drawing a clear line, differently rhythmicised cuts and permeation combining whiteness and surfaces with a different level of chromatic saturation.

Classical and more recent techniques, with a wide possibility of expression, are practiced at the workshop. This is about the intaglio, relief print, and planographic printing techniques with a possibility of experimenting in the area of photomontage, digital print etc. Photography as well as woodcut and engraving and lithography is a type of print and depends on the mechanical procedure, which is the product of new technology.

The participants in the Sofija Workshop, who come from different environments, represent a small Balkans. They have an obligation to leave four printed graphic sheets of two created works each, signed and enumerated as original works, and the matrix remains with the authors (writing the number of copies, title and year, the author’s signature etc.).

Having in mind all these elements, one can come to a conclusion that the Sofija Graphic Workshop in Bogdanci is a good opportunity for young graphic artists to accomplish their creative ideas and assume further examination or create a graphic sign. Over the last five years of continuing work, the Sofija Workshop has created a body of graphic works that is presented publicly via exhibitions and in this way asserts the graphic art as an autonomous art in which mutual relations, contacts, and interlocking with neighbouring art disciplines: painting, sculpture, installation etc. are accomplished.

Summing up the results, one gets an impression that in this time of declining graphic expression, the Sofija Workshop in Bogdanci is a bright spot on the map of the graphic art and art culture not only in the Republic of Macedonia but elsewhere, in a wider area.

Vladimir Velickovski,
Skopje, November 2013

# 2011

Танчев Костадин • Динка и Сања Жигиќ
• ментори •

Tanchev Kostadin • Dinka and Sanja Zhigic
• mentors •

Изјави од учесници на Графичката работилница „Софија“ во 2011 година:

•Александар Матијевиќ,Србија:
„Сакам да му порачам на организаторот дека е на вистинскиот пат и треба да продолжи натаму.“

•Самир Карахасан, Македонија:
„Без разлика кој од каде дошол и кој со какви знаења и вештини располага овде сите се надградуваме затоа што нашите искуства им ги пренесуваме на другите, а од другите ги усвојуваме искуствата што тие ги стекнале.“

•Ади Шошиќ, Босна и Херцеговина:
„Долго патував за да дојдам во Богданци. Сега мислам дека сиот напор и сите тешкотии што ги доживеав при патувањето се ништо во споредба со задоволствата што ги доживеав на Работилницата.“

Statements of participants in the Graphic Workshop “Sofia” in 2011:

• Alexander Matijevic, Serbia:
“I want to say to the organiser that they are on the right track and they should continue on.”

• Samir Karahasan, Macedonia:
“Regardless of where anyone came from and what kind of knowledge and skills they possess, here we all upgrade because we pass on our experiences to others, and likewise, gain experience from one another.”

• Adi Shoshic, Bosnia and Herzegovina:
“I traveled far to come to Bogdanci. Now I think that all the effort and all the difficulties I have experienced during the journey is nothing compared to the pleasure I experienced in the workshop.”



Миран Сабиќ • Комбинирана техника
Miran Sabic • Mixed Tech.
50 x 70



Самир Карасахан • Комбинирана техника
Samir Karasahan • Mixed Tech.
70 x 50







Ана Коматина • Комбинирана техника
Ana Komatina • Mixed Tech.
28 x 27

Академија на уметности Нови Сад • Academy of Arts Novi Sad




Александар Матијевић • Сува игла
Aleksandar Matijevic • Dry Point
100 x 70



Академија на ликовни уметности Скопје • Academy of Fine Arts Skopje



Гордана Бурзевска • Комбинирана техника
Gordana Burzevska • Mixed Tech.
70 x 50



Јелена Петровиќ • Сериграфија
Jelena Petrovic • Screen Print
35 x 35







Сабина Масло • Комбинирана техника
Sabina Maslo • Mixed Tech.
35 x 50



Ади Шошиќ • Комбинирана техника
Adi Shoshic • Mixed Tech.
70 x 50







Марија Ангелковиќ • Литографија
Marija Angelkovic • Litography
22 x 30



Ана Сладетиќ • Комбинирана техника
Ana Sladetic • Mixed Tech.
35 x 50







Желка Кутле • Комбинирана техника
Zhelka Kutle • Mixed Tech.
30 x 50



Леа Јерлагиќ • Комбинирана техника
Lea Jerlagic • Mixed Tech.
35 x 50







Виктор Семенпеев • Комбинирана техника
Viktor Semenpeev • Mixed Tech.
100 x 60



Ирена Којкова Пејовиќ • Соларна акватинта
Irena Kojkova Pejovic • Solar Aquatint
35 x 25








Сања Жигиќ • Бакропис
Sanja Zhigic • Engraving
29 x 29



Владимир Дончев • Литографија
Vladimir Doncev • Lithography
26 x 36



# 2012

проф. Радован Јандриќ
• ментор •

prof. Radovan Jandric
• mentor •

Изјави од учесници на Графичката работилница „Софија“ во 2012 година:

•Никола Иванов, Бугарија:
„Овде се собравме луѓе што учеле на разни академии, во разни држави, луѓе што имаат поинакви искуства и поинакви сознанија и сите тие различности успеавме да си ги пренесеме и да си ги збогатиме сопствените знаења и вештини.“

•Дорис Милешевиќ, Србија:
„Времето што го поминав во Работилницата ќе остави печат и на мојата уметност и на мојот натамошен живот.“

•Амир Китиќ, Босна и Херцеговина:
„Како уметник сум му благодарен на семејството Семепееви за ова што го направиле за уметноста и посакувам графичката работилница да трае долго, долго...“

Statements of participants in the Graphic Workshop “Sofia” in 2012:

• Nikola Ivanov, Bulgaria:
“Here we are gathered people who have studied at various academies in different countries, people with different experiences and knowledge and we have managed to convey all that diversity and enrich our own individual knowledge and skills.”

• Doris Mileshevic, Serbia:
“The time spent in the Workshop will leave a mark both on my life experience and my art.”

• Amir Kitic, Bosnia and Herzegovina:
“As an artist I am grateful to the Semepeev family for what they have done for art and i wish for the Graphic Workshop to last a long, long time...”





Димитар Мајнов • Комбинирана техника
Dimitar Majnov • Mixed Tech.
70 x 50



Иван Матеев • Комбинирана техника
Ivan Mateev • Mixed Tech.
70 x 50







Милан Костадиновски • Сува игла
Milan Kostadinovski • Dry Point
56 x 70





Далиа Финек / Милан Костадиновски • Комбинирана техника
Dalia Finek / Milan Kostadinovski • Mixed Tech.
35 x 50





Дорис Милешевиќ • Комбинирана техника
Doris Mileshevic • Mixed Tech.
50 x 35



Виктор Семенпеев • Комбинирана техника
Viktor Semenpeev • Mixed Tech.
88 x 88







Дамјан Ѓоргиевски • Комбинирана техника
Damjan Gjorgjievski • Mixed Tech.
35 x 50

Академија на ликовни уметности Сараево • Academy of Fine Arts Saraevo



Ален Буразеровиќ • Комбинирана техника
Alen Burazerovic • Mixed Tech.
100 x 70



Академија на уметности Нови Сад • Academy of Arts Novi Sad



Жељко Мутиќ • Мецотинта
Zheljko Mutic • Mezzotint
35 x 48



Слаѓана Милиќевиќ • Литографија
Slagjana Milicevic • Lithography
35 x 45







Далиа Финек • Акватинта
Dalia Finek • Aquatint
19 x 28



Амир Ќатиќ • Комбинирана техника
Amir Catic • Mixed Tech.
27 x 37








Марија Кнезиќ • Бакропис
Marija Knezic • Engraving
25 x 34



Никола Иванов • Комбинирана техника
Nikola Ivanov • Mixed Tech.
27 x 39



2013

проф. Звонко Тилиќ
• ментор •

prof. Zvonko Tilic
• mentor •

Изјави од учесници на Графичката работилница „Софија“ во 2013 година:

•Далиа Финек, Хрватска:
„Кај нас во Загреб  да те одберат да дојдеш во Богданци на
Графичката работилница се доживува како награда.“

•Анке Клајн, Германија:
•Јас сум Германка и не ги разбирам јазиците на колегите од Србија, Бугарија, Хрватска,,
Словенија... што учествуваа во работата на Графичката работилница,
а прекрасно се разбиравме затоа што зборувавме со јазикот на графиката.“

•Асмир Хусовиќ, Србија:
„Од искуство знам дека многу ликовни академии ги немаат
условите што ни беа обезбедени овде.“

•Јасмина Грудник, Словенија:
„Многу сум задоволна што имав среќа да бидам дел од оваа дружење.
Да можам повторно би дошла“

Statements by participants Graphic Workshop “Sofia” in 2013:

• Dalia Finek, Croatia:
“It’s considered a reward here in Zagreb to be chosen to come to Bogdanci at the Graphic Workshop.”

• Anke Klein, Germany:
• I am German and do not understand my colleague’s languages: Serbian, Bulgarian, Croatian,
Slovenian... the po\eople participating in the work of the Graphic Workshop, and yet we managed to
understand eachother perfectly  through the language of graphics.”

• Asmir Husovic, Serbia:
“I can tell from experience that many art academies do not possess the conditions that we were
provided with here.”

• Jasmina Grudnik, Slovenia:
“I am very pleased to have had the chance to be part of this fellowship. If i could, i would come again.”



Академија на ликовни уметности Белград • Academy of Fine Arts Belgrad



Јелена Јефтиќ • Комбинирана техника
Jelena Jeftic • Mixed Tech.
65 x 50



Јована Ѓорѓевиќ • Комбинирана техника
Jovana Gjorgjevic • Mixed Tech.
90 x 70







Ана Кинчиќ • Акватинта
Ana Kincic • Aquatint
38 x 48



Анке Клајн • Сериграфија
Anke Klein • Screen Print
70 x 100







Антонио Арангеловиќ • Литографија
Antonio Arangjelovic • Lithography
70 x 50




Асмир Хусовиќ • Литографија
Asmir Husovic • Lithography
70 x 50







Далиа Финек • Акватинта
Dalia Finek • Aquatint
84 x 62



Ертунч Сали • Литографија
Ertunch Sali • Lithography
70 x 35







Дорис Милешевиќ • Комбинирана техника
Doris Mileshevic • Mixed Tech.
50 x 70



Ирена Цериќ • Комбинирана техника
Irena Ceric • Mixed Tech.
35 x 43







Јасмина Грудник • Сериграфија
Jasmina Grudnik • Screen Print
100 x 70



Јелена Прлевић • Сува игла
Jelena Prlevic • Dry Point
79 x 70







Марија Ловрић • Комбинирана техника
Marija Lovric • Mixed Tech.
41 x 43



Славина К'нчева • Комбинирана техника
Slavina K'ncheva • Mixed Tech.
23 x 28



•Од магливите визии за практична примена на знаењата од графичките вештини, обликувани во ателјето на Цапе, до појавата на Графичката работилница „СОФИЈА“ беше потребен само еден чекор. Долг чекор со кој низ времето, во реалното и видливото беше родена новата препознатливост на Богданци•ГРАФИКАТА.

Богданци имал и други белези. Богданци ќе има и други белези.
Но, белегот што Графичката работилница „СОФИЈА“ го остава во просторот Богданци и Македонија е безвременски.

Илија Тумбов

It only took one step to get from the misty visions of a practical application of knowledge on graphic arts, formed in Dragi Semenpeev • Cape's stuio, to the emergence of the Graphic Workshop "Sofia". It was a long step in time amongst what appeared real and observable to get to the point of what appeared to be the distinction of Bogdanci now • GRAPHIC.

Bogdanci has had other hallmarks. Bogdanci will have other hallmarks.
But the mark the Graphic Workshop "Sofia" leaves in the area of Bogdanci and Macedonia is timeless.

Ilija Tumbov

| | |
|---|---|
| Графичко триенале 2013 | Graphic Triennial 2013 |
| Издавач: СОФИЈА Богданци | Publisher: SOFIJA Bogdanci |
| Печат: СОФИЈА Богданци | Print: SOFIJA Bogdanci |
| Дизајн и техничка подготовка: | Design and technical editing: |
| Милка Дракалска | Milka Drakalska |
| Урош Вељковиќ | Urosh Veljkovic |
| Фотографија: Александар Семенпеев | Photography: Aleksandar Semenpeev |
| Превод: Ивана Јовевска Вељковиќ | Translation: Ivana Jovevska Veljkovic |
| Лектура: Мирко Трајановски | Proofreading: Mirko Trajanovski |

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

СОФИЈА design...prepress...print

МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ


www.graphicartsofija.org